**Најголем број од граѓаните (33,8%) со добар три ја оцениле состојбата во јавното задравство** во Македонија, покажа најновото истражување на МЦМС и Телевизија Телма
посветено на перцепциите на граѓаните за јавното здравство. Речиси идентичен е процентот на оние што го оцениле со 4 или 5 и оние што го оцениле со 1 и 2.




**Над 60% од граѓаните ја користеле услугата „Мој термин“ во последните 12 месеци.** Најголем број од испитаниците
**(19,2%) рекле дека успеале да закажат за помалку од три дена**
. За екстремот на другата страна од оската, „за повеќе од шест месеци“ се изјасниле 2,4% од испитаниците.
**За речиси половината од испитаниците (49,1%) закажаниот термин бил навремен**
, додека за 22,5% бил задоцнет.
**Самата услуга, најголем број од испитаниците што дале оценка, ја оцениле со највисока оценка (22,3%)**
, а најниска оценка дале вкупно 10,7% од граѓаните.

И покрај високите оценки за услугата „Мој термин“, **вкупно 68,2% од испитаниците потполно или донекаде се согласуваат со изјавата дека не може да се закаже преглед кај специјалист доколку нема познат**
, односно врски во јавното здравство.

Мнозинство од граѓаните (67,4%) **сепак сметаат дека приватниот здравствен сектор нуди поквалитетни услуги и повисока професионалност,**
но, според речиси 62% од испитаниците тој е
**недостапен заради високите цени**
. Големо мнозинство, односно
**91,0% од испитаниците сметаат дека здравственото осигурување треба да покрива и**

**услуги од приватното здравство**
.

Што се однесува до достапноста на лековите од позитивната листа, побројни се испитаниците кои сметаат дека тие лекови се достапни постојано (57,7%).

Најголем број од граѓаните **(38,6%) сметаат дека јавното здравство малку се грижи за лицата со ретки болести** . Покрај тоа, мнозинството од од испитаниците сметаат дека **лицата со хендикеп не се третираат соодветно** во јавното здравство и дека **јавните здравствени установи** во Македонија **не се прилагодени за лица со хендикеп** . Ова се однесува и на **јавните здравствени услуги** кои, смета мнозинството, **не се прилагодени за лицата со хендикеп** .

За МЦМС и Телма, анкетата ја спроведе М-проспект . Податоците за последната анкета беа прибирани со телефонска анкета во периодот од 11 до 18 декември 2017 година. Анкетата е спроведена на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници. Истражувањето е дел од проектот „ Топ тема на ваша страна “, што го поддржа УСАИД.